# Информации од ШФМ (јуни)

## ➢ Отворено првенство на Македонија, Струга, 16-24 јули 2016

Отвореното меѓународно првенство на Македонија ќе се одржи во Струга, од 16.07. – 24.07. 2016 година, во хотел „ Дрим “ .
Турнирот ќе се игра по Швајцарски систем од 09 кола и ќе се рејтингува во ФИДЕ.
Темпо на игра е 90 минути за 40 потези и додатни 30 минути до крајот на партијата, со бонификација од 30 секунди за секој потег, почнувајќи од првиот.
Повеќе во Расписот за турнирот ...

## ➢ Екипно првенство на Македонија, Охрид, 08-14 август 2016

Шаховската федерација на Македонија, од 08 - 14 август 2016 година, во „Метропол езерски комплекс“ во Охрид, го организира XXV Екипен Шампионат на Македонија во шах.
На Екипното првенство на Македонија право на настап имаат: Алкалоид (Скопје), Гамбит Асеко-Сее (Скопје), Гостивар, ГШК Куманово (Куманово), Стево Патако (Битола) , Прилеп, Карпош (Скопје) и 4-ти Ноември (Битола).
Распис за првенството...

## ➢ Влатко Богдановски, нов селектор на женската репрезентација на Македонија

Велемајсторот Влатко Богдановски, седумкратен првак на Македонија и долгогодишен репрезентативец на Македонија, избран е за селектор на женската репрезентација на Македонија.Роден е на 31.12.1964 година, а носител на титулата велемајстор од 1993 година.



Влатко Богдановски

Иван Кочовски